РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Бр.-Nr. 04-1523/12
30.04 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 45 став (1) и (2) од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) министерот во Министерството за јавна администрација донесе

## ОДЛУКА

## за избор на кандидат по објавен јавен оглас број 65/2025 за вработување на административни службеници во Министерството за јавна администрација

1. За извршител за работно место број 1. **Помлад соработник за обработка на податоци за реализирани договори, во Одделение за јавни набавки, во Сектор за општи работи и јавни набавки**, со шифра на работно место УПР0101В04000, се избира кандидатот **Филип Лекиќ**
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На барање на Министерството за јавна администрација, Агенцијата за администрација на ден 26.03.2025 година, во дневните весници „Вечер“, „Слободен печат” и „Коха” објави јавен оглас за вработување на еден административен службеник во Министерството за јавна администрација.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со решение на директорот на Агенцијата за администрација број 10-523/3 од 03.04.2025 година, во функција на спроведување на постапката за вработување по објавениот јавен оглас број 65/2025 на ден 10.04.2025 година во 09:00 часот, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција за што состави Записник од извршена административна селекција за административен службеник број 10-523/4 од 10.04.2025 година.

На ден 24.04.2025 година, со почеток во 09:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација, комисијата за селекција за вработување го спроведе испитот за административен службеник за што состави Записник од спроведен испит за административен службеник број 10-523/5 од 24.04.2025 година.

На ден 28.04.2025 година, со почеток во 12:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација комисијата за селекција за вработување спроведе постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју за што состави Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник број 10-523/6 од 28.04.2025 година.

Согласно доставениот Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас број 65/2025 во Министерството за јавна администрација, број 10-523/7 од 28.04.2025 година, министерт во Министерството за јавна администрација донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата.

МИНИСТЕР

Горан Минчев

Подготвил: Ивана Трендафилова
Контролирал: Нита Исмаили
Согласен: Маја Рисова Мутлулар

Доставено до:
- кандидатите
- одделение за управување со човечки ресурси
- архива